

Кирил Македонски (19. I. 1925 - 4. VI. 1984) е еден од позначајните македонски композитори од втората генерација. Тој е автор на првата македонска опера „Гоце“ (1954), како и на оперите „Цар Самоил“ (1968) и „Илинден“ (1973). На подрачјето на оркестарската музика, значајно дело е симфониската поема „Танчарка“ (1952), како и петте симфонии. Напоредно со компонирањето, Македонски се занимава и со проблемите од областа на музичката психологија, посебно со музикотерапијата, постигнувајќи видни резултати на тој план и во меѓународни размери.

Кирил Македонски е роден на 19 јануари 1925 година во Битола. Основно образование завршил во Битола, а средно учел во Битола и Скопје каде и матурирал во 1946 година. Кирил, чие вистинско презиме било Вангелов, уште како мал покажува голем талент и интерес за музиката, и по наговор на татко му почнал да учи виолина на 11 години.

По завршувањето на средното училиште, студирал во Музичките академии во Загреб, Сараево и Љубљана на отсекот за композиции и диригирање. Во 1947 година се запишал на Музичката академија во Загреб, во класата на Крсто Одак, а во 1959 година дипломирал на Музичката академија во Сараево во класата на Иво Брканoвиќ. Магистрирал од областа на композицијата во Љубљана кај композиторот Луцијан Шкерјани.

Кирил Македонски продолжува со своето усовршување и како стипендист на полската

влада, во 1970 година шест месеци престојувал во Варшава, а потоа во 1974 година бил на Меѓународниот курс за современа музика во Дармштат, (тогаш Западна Германија). Во истата 1974 година, Кирил Македонски учествувал и на меѓународниот конгрес за нова музичка нотација во Ган, Белгија.

Во своето творештво, Кирил Македонски се стреми за создавање на македонски национален стил, притоа користејќи ги карактеристиките на народниот мелос и современите музички достигнувања во XX век. Тој најчесто твори инспириран од македонската национална историја.

Кирил Македонски е автор на првата македонска опера „Гоце“ која на сцената на МНТ за првпат е изведена во 1954 година, по либрето на Венко Марковски. Операта „Гоце“ има големо историско значење за македонската музика и преставува голем исчекор на македонските автори во освојувањето на најголемите музички форми. Тој е автор на уште две други оперски дела, оперите „Цар Самоил“ и „Илинден“. Во 1968 година, по повод дваесет годишнината од МНТ, за прв пат е изведена операта „Цар Самоил“, а по повод седумдесет години од Илинденското востание во 1973 година, за свечаното отварање на Мајските оперски вечери изведена е и операта „Илинден“, со што тој со музички јазик го заокружил својот творечки оперски опус со теми од историското минато на македонскиот народ.

Исто така, Кирил Македонски е еден од првите македонски симфоничари. На полето на оркестарската музика, негово значајно дело е симфониската поема „Танчарка“ (1952), како и петте симфонии создадени во периодот од 1956 до 1978 година. Покрај нив, тој е автор на повеќе видови композиции: камерни, детски песни, музика за радиодрами и драмски претстави, како и за филмска музика (десетина краткометражни и три долгометражни филмови). Тој е автор на музиката за играниот филм „Македонска крвата свадба“.

Композициите на Кирил Македонски се изведувани во земјата и странство. Неговите дела, љубителите на музиката можеле да ги слушнат во Аргентина, Бугарија, Германија (Западна и Источна), Данска, Куба, Полска, Романија, САД, Советскиот Сојуз, Франција, Холандија и др.

Напоредно со компонирањето, Кирил Македонски се занимавал и со педагошката дејност. Работел како професор во Битола, а од 1973 година и во Скопје. На

Педагошката академија „Св. Климент Охридски“ во Скопје, тој ги предава предметите Хармонија и Интонација.

Во последните години од својот живот, посебно внимание му давал на истражувањата од областа на музичката психологија, посебно со музикотерапијата, постигнувајќи видни резултати на тој план и во меѓународни размери.

Со своите сознанија учествувал на повеќе симпозиуми и конгреси во земјата и странство. За својата работа Кирил Македонски добитник е на повеќе меѓународни награди и признанија меѓу кои: Диплома за музикотерапија, од Интернационалниот институт во Кембриџ, Англија, а во публикацијата на УНЕСКО, национална комисија за Белгија, е забележан како работник во областа на музикотерапијата во светот.

Кирил Македонски починал на 4 јуни 1984 година во Скопје.